Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-56/2
12.6. 2025 год.-vitit
Скопје-Shkup

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот **Ј. Б.** , , со телефонски број и со е-маил , имателот на информацијата Државен испитен центар, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од барателот **Ј. Б.** по предметот Барање информација од јавен карактер за начинот на пријавување кандидат при полагање државна матура за: 1) кој е овластен да пријави кандидат; 2) во кој рок се врши пријавувањето и 3) основата за начинот на пријавување (закон, член од закон, подзаконски акт и сл.) испратено по е-маил на ден 04.06.2025 година и евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/2 од 04.06.2025 година СЕ УВАЖУВА.

## Образложение

Барателот **Ј. Б.** , , со телефонски број и со е-маил , поднесе по е-маил барање до Државниот испитен центар за пристап до информации од јавен карактер кое е евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/2 од 04.06.2025 година.

Во истото барателот бара по е-маил да му се достави следната информација од јавен карактер:

„Начинот на пријавување кандидат при полагање Државна матура со осврт врз следниве прашања:

1) кој е овластен да пријави кандидат
2) во кој рок се врши пријавување и
3) основата за начинот на пријавување (закон, член од закон, подзаконски акт и сл.)“

Постапувајќи по барањето Државниот испитен центар детално го разгледа и позитивно одговори согласно член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и истиот до барателот ја дава следнава информација:

Во одговор на прашањето под точка 1) Ве известуваме дека кандидатот сам се пријавува со поднесување на пријава во училиштето каде што е запишан.

Во одговор на прашањето под точка 2) Ве известуваме дека: За јунскиот испитен рок, рокот за пријавување е најдоцна до 31 декември во тековната учебна година, додека за августовскиот испитен рок пријавувањето е во рок од два дена по објавувањето на конечните резултати од јунскиот испитен рок, меѓутоа во августовскиот испитен рок можат да се пријавуваат само кандидати кои се пријавиле во јунскиот испитен рок во тековната година. Во одредени случаи кандидатот кој не се пријавил во роковите утврдени во погоре, може да се пријави за полагање на испитите од државната матура во средното училиште во кое кандидатот полага, најдоцна 45 дена пред почетокот на јунската испитна сесија, односно најдоцна 20 дена пред почетокот на августовската испитна сесија во тековната учебна година. Ако кандидатот од оправдани причини не го пријавил испитот навреме, треба да го пријави најдоцна до 15 февруари за јунскиот испитен рок и еден ден по завршувањето на пријавувањето во августовскиот испитен рок. Притоа Како оправдани причини за ненавремено пријавување за полагање на испитите во државна матура, се: болест или лекување; вонредни околности: природни несреќи, несреќен случај на кандидатот или член во потесното

семејство, сообраќајна несреќа со потешки последици; други оправдани причини (меѓународни натпревари, конкурси, јавни настапи во странство и слично). Кандидатот за причините треба да приложи писмен доказ до Училишната матурска комисија.

Во одговор на прашањето под точка 3) Ве известуваме дека начинот на пријавување е регулиран во Правилник за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/25).

Согласно барањето на барателот евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/2 од 04.06.2025 година, а во врска со формата и начинот на доставување на информациите, на барателот одговорот-решението му се доставува на е-маил.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

**ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР,**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска,** с.р.

**Изготвил:** Сања Јосифовска

**Да се достави до:**
- барателот на информацијата и
- архивата.